СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ДРАГАН АНАСТАСОВ

за Пробиштип



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



**Почитувани сограѓани,**

Ви се обраќам со почит кон вас драги пробиштипјани, како ваш сограѓанин кој во изминативе 8 години ја вршев функцијата градоначалник на Општина Пробиштип, и токму тоа ми даде можност секојдневно да бидам со вас и меѓу вас.

Заедно, со ваши сугестии, идеи и насоки реализиравме многубројни проекти, кои ја сменија сликата на нашиот град, му дадовме урбана слика, го направивме пријатно место. Вложивме и работевме многу за да ја подобриме инфраструктурата во нашиот град, отворивме можности за економски развој.

Акцентот го ставивме директно на граѓаните, вложивме многу во социјалната програма, со низа мерки и проекти што се наменети за да го олеснат секојдневниот живот на нашите сограѓани од социјален ризик, со финансиски средства распределени кон нив, како што се субвенции за учениците, бесплатна градинка, бесплатен оброк за основците, вредносни ваучери, униформи за учениците, еднократна помош за новороденчињата, бесплатен линиски превоз, нега и грижа во домот за повозрасните лица, социјални станови и низа други мерки, кои ги воведовме за да ги намалиме класните разлики, за да помогнеме за подостоен живот, за еднакви можности за сите граѓани.

Драги сограѓани, пред се како ваш сограѓанин ги знам предизвиците и потребите на нашиот град, заедно надминавме многу од нив, но знам дека и заедно можеме да направиме уште повеќе за Општина Пробиштип, затоа ви ветувам дека ќе го вложам сиот мој труд и сето мое искуство, за уште повеќе реализирани проекти, за општина со можности за младите генерации, да останат во својот град, да ги оформат и да ги развиваат своите семејства овде во нашиот Пробиштип.

Со почит и благодарност

**Драган Анастасов Ладич**

Кандидат за градоначалник на Општина Пробиштип

> ”ЗНАМ ДЕКА И ЗАЕДНО МОЖЕМЕ ДА НАПРАВИМЕ УШТЕ ПОВЕЌЕ ЗА ОПШТИНА ПРОБИШТИП, ЗАТОА ВИ ВЕТУВАМ ДЕКА ЌЕ ГО ВЛОЖАМ СИОТ МОЈ ТРУД И СЕТО МОЕ ИСКУСТВО, ЗА УШТЕ ПОВЕЌЕ РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ“

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Пробиштип

Пред вас денес стои советничка листа составена од луѓе со различни професии, различни животни приказни и различни генерации, обединети во љубовта кон нашата Општина Пробиштип и искрена желба да продолжиме да ја градиме и да ја развиваме.

Нема да ветуваме невозможни чуда, празни зборови или магични решенија. Имаме едно единствено ветување – чесна и посветена работа. Работата е таа што носи резултат, гради улици, градинки, детски и спортски катчиња, работата е таа што носи подобра иднина и ја прави општината подобро место за живеење.

Знаеме дека довербата не се добива со убави зборови, туку со дела. Затоа пред вас ќе застанеме со јасна намера – да ја продолжиме борбата за секое маало, секое семејство и за секој еден жител на општината.

Ние веруваме дека заедно со вас можеме и мораме да ја изградиме општината како пример во државата каде што нема поделби и привилегии по кој било основ.

Ние ветуваме дека Пробиштип ќе остане општина на сите граѓани!

ПРОБИШТИП ЗА СИТЕ!

1. Весна Ристовска, р. 1978, менаџер по царина и шпедиција, СДСМ
2. Дарко Кузев, р. 1987, економист, СДСМ
3. Марјан Гичев, р. 1987, психолог, СДСМ
4. Д-р Сања Стојмировска, р. 1988, доктор по општа медицина, СДСМ
5. Игорчо Мијалков, р.1977, средно гимназиско образование, СДСМ
6. Моника Ангелова, р. 1996, апсолвент, СДСМ
7. Благојче Николов, р. 1989, инженер по индустриски менаџмент, СДСМ
8. Снежана Петрушев, р. 1983, правник, СДСМ
9. Елена Накова, р. 1983, професор по македонски јазик и литература, СДСМ
10. Мартин Ангеловски, р. 2002, студент на правен факултет, СДСМ
11. Симона Јованова, р. 1982, дипломиран лаборант, СДСМ
12. Љупчо Благоевски, р. 1970, машински инженер, СДСМ
13. Игорчо Стојанов, р. 1973, машински техничар, СДСМ
14. Марија Денчевска, р. 1978, средно гимназиско образование, СДСМ
15. Бале Дурмишовски, р. 1988, машински техничар, СДСМ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Реконструкција на патен правец Пробиштип – Стрмош.
- Рехабилитација и реконструкција на регионалниот пат Пробиштип - Крупиште.
- Реконструкција на патен правец м.в. Киселица - Ратавица - Злетово- Древено - Добрево- Пробиштип.
- Реконструкција на тротоарите на улица „Илинденска“, нови 17 канделабри со енергетски ефикасни светилки и засадување на 70 повеќегодишни јапонски цреши.
- Нова детска градинка во населба Калниште.
- Изградба на детски игралишта со придружни елементи за одмор на повеќе локации во Пробиштип и Злетово.
- Реконструкција на патен правец Древено - Лесново.
- Изградба на канализациска мрежа и пречистителна станица во Лесново.
- Реконструкција на повеќе улици во Злетово.
- Реконструкција на улиците „Македонски револуционери“, „Ванчо Трајков“, „Крсте Мисирков“, „Христијан Тодоровски – Карпош“, „3-ти Април“, улици во старо Калниште и др.
- Реконструкција на Спомен-парк заедно со повеќенаменско игралиште.
- Реконструкција на атлетска патека со тартан на градскиот стадион
- Реконструкција и ставање во употреба на киносалата „Рудар“.
- Изградба на регионален туристичко-научен музеј за ретки минерали.
- Набавка на ново противпожарно возило.
- Доградба на објект „Срничка“ при ЈОУ ДГ „Гоце Делчев“.
- Униформи за сите ученици од основно образование на територија на општината.
- Изградба на повеќенаменско игралиште во населба Камењар,

Пробиштип и други урбани содржини.

- Изградба на нови осветлени места со енергетско ефикасни светилки ,со комплет метални столбови и спојни елементи на улица „Миро Барага" на влезот на Пробиштип.
- Замена на сите улични светилки со нови ЛЕД-енергетски ефикасни на територија на цела општина.
- Изградба на тротоари низ цела општина.
- Изградба на туристичко-рекреативен комплекс на брана Пишица со асфалтирање на патот до самата брана.
- Организирана исхрана без надомест за учениците до 5 одделение
- Организиран бесплатен јавен превоз од Злетово до Пробиштип
- Мерки за лицата од социјален ризик и лицата со попреченост:
    - Бесплатна детска градинка за лицата во социјален ризик
    - Еднократна парична помош од 20.000 ден годишно за лицата со попреченост

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# МОЈАТА ВИЗИЈА



Мојот мотив за повторно да се кандидирам за градоначалник доаѓа и е поврзан со мојата визија, отсекогаш својата иднина и својот дом сум го замислувал овде, во Општина Пробиштип. Уште од млад сум вклучен во општественото живеење и секогаш сум давал свој придонес за нашиот град. Моето работно искуство како градоначалник, кој зад себе има два успешни мандата, ми дава потврда дека можам да придонесам за нашиот град, но и ми дава енергија да продолжам заедно со сограѓаните и со своите соработници да работиме за подобри услови за сите граѓани на Пробиштип.

Во изминативе осум години вложивме многу работа и средства во изградба и реконструкција на инфрастуктурни проекти, кои видливо ја променија сликата на Пробиштип, кој не само што доби поурбан лик туку создаде и можности за спорт,

рекреација, култура, но и економски развој. Но покрај инфраструктурата, она што со моите соработници го воочивме е подобрувањето на социјалната карта во нашата општина во изминативе години воведовме низа мерки и проекти во оваа сфера, така ќе продолжиме и во следниот мандат, со цел да создадеме еднакви можности за сите сограѓани.

За младите, Општина Пробиштип е меѓу првите пет општини што отворија Младински центар, чија програма ја финансира општината, но имаме и Младински совет и службеник за млади, така што ги исполнуваме речиси сите обврски согласно со Законот за млади, а ова создаде можности за младите да реализираат голем број проекти, да се вмрежуваат и да се стекнат со нови искуства, кои ќе служат за развој на личноста. Општина Пробиштип е позитивен пример во делот на можностите за млади, на што сме особено горди.

Она на што ќе се посветиме во идниот мандат е планирањето на просторот и донесување нови урбани планови за развој на градот. Во овој контекст, акцентот е ставен на јаловишната депонија, за што веќе имаме започнато постапка, со ова ќе се реши и горливиот еколошки проблем којшто нè засега сите во изминативе децении.

Општина Пробиштип со моето осумгодишно раководење целосно ја промени сликата за локалната самоуправа, и општината денес е она што треба да биде - сервис на граѓаните. За работењето и транспарентноста на општината најголем доказ е извештајот од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер врз општините и планските центри во државата, за транспарентноста на локалните самоуправи, Општина Пробиштип со 93,75 % ја рангира на прво место во регионот и на трето место во Македонија.

Она што општината го нуди како инфраструктура, но и зајакнување на социјалната карта покрај еднаквите можности, има цел да ги задржи младите дома, во нашата општина, со цел тие своите професионални компетенции и квалификации ги реализираат во нашата општина, на тој начин заеднички ќе придонесеме за подобар Пробиштип за сите нас.

Во изминатите два мандата реализацијата на програмите, но и на проекти што неретко не беа опфатени во програмите, подадената рака на секој еден граѓанин, достапноста во секое време, ми дава мотив, но и ми дава легитимитет повторно да ја побарам поддршката од вас мои пробиштипјани, и повторно заедно да продолжиме да го развиваме Пробиштип за сите нас!

Со почит,

Драган Анастасов Ладич

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Пензионери - Општински пакет за достоинствен живот на пензионерите**
  - Бесплатни систематски прегледи еднаш годишно и
  - Општинска услуга „Помош во домот"
    - Млади волонтери и социјални работници што ќе помагаат при набавка, сметки и секојдневни потреби.
  - Бесплатен влез на културни и спортски настани
    - Театар, концерти и спортски мечеви – затоа што културата и дружбата не познаваат години.
  - 150 ваучери по 20.000 денари годишно за бањска рекреација за пензионери што немаат решенија за бања преку ПИОМ, а имаат пензии под 30.000 ден во општината.
  - Завршување на проектот Дом за стари лица во Пробиштип
- **„Достоинствена грижа за оние што го изградија нашиот град"**

- **Социјала и лица со посебни потреби - Општински пакет за еднакви шанси и достоинствен живот**
  - Ваучери за храна и хигиенски производи
    - Поддршка за основни потреби на најранливите категории.
  - Бесплатни училишни прибори
    - За сите ученици од социјални семејства
  - Субвенционирани училишни екскурзии
    - Ниту едно дете да не остане дома поради сиромаштија.
  - Јавни работи за социјално загрозените лица
    - Општината ќе вработува во јавни сервиси и проекти, со цел да им даде шанса за работа и приход.
  - Обучување и преквалификација
    - Бесплатни курсеви за занаети, ИТ и практични вештини за полесно вработување.
  - Еднократна помош за празници
    - Велигденска субвенција од 6.000 денари за корисниците на социјална помош

    - 30.000 денари за 28 август – на лицата со посебни потреби и корисници на додаток за мобилност
    - Новогодишна субвенција од 4.000 денари за корисниците на правото за помош и нега
- 50 % субвенција за набавка на инвалидски колички и скутери на електричен погон за лицата со посебни потреби

- **„Подадена рака за најранливите“**
- **Образование**
  - 7-дневен летен одмор за сите полуматуранти од општината
  - Екскурзија низ Европа за сите матуранти
  - Ранец со училиштен прибор за секое прваче
  - 6.000 денари субвенција за запишано прваче
  - 3,000 денари стипендија во прва година за секој запишан средношколец во Пробиштип
- **Млади – Општински младински пакет „Општината за иднината“**
  - Ослободување од комуналии за изградба или доградба на куќа за млади брачни парови до 35 години
  - Субвенционирање на стартап бизнис-идеи до 120.000 денари за млади до 29 години
  - Субвенционирање на бизнис-идеи до 200.000 денари за млади до 29 години
  - Средношколска картица
    - 50 % попуст за сите културни и спортски настани во Пробиштип
    - 50 % субвенционирање за набавка на лаптоп или таблет во текот на 4-годишното образование, до 15.000 ден
  - Општински младински екопроекти – парични награди за најдобра идеја за чиста и зелена општина
  - Општински фонд за млади уметници и музичари – поддршка за организирање концерти, изложби и фестивали

- **Спорт - Општински спортски пакет – „Спорт за сите“**
  - Реконструкција на Градскиот стадион
  - Изградба на балон на мултифункционална игралиште кај паркот
  - Поставување вештачка трева на
  - Ракометното игралиште
  - Мултифункционално игралиште на улицата „Тодор Александров“
  - Игралиште за тенис кај ООУ „Никола Карев“
  - Поставување тартан-патека кај ООУ „Никола Карев“
  - Реконструкција на спортските сали
  - Злетово
  - СОУ „Наум Наумовски – Борче“ – Софија Петровска
  - Нови спортски игралишта по маалата
  - Кошаркарски и фудбалски терени сомултифункционална подлога и осветлување – достапни за секое дете.
  - Отворени фитнес-зони
  - Бесплатни уреди за вежбање и активности на свеж воздух за сите граѓани.
  - Општински фонд за младински клубови
  - Финансиска поддршка за екипни и индивидуални спортови за да не згасне младинскиот спорт.
  - Годишен спортски фестивал
  - Голем настан на ниво на Источен плански регион со натпревари, рекреација и промоција на спортот и здравиот живот.
- **„Здрава иднина – спорт за секое дете“**
- **Екологија и чиста животна средина - Општински екопакет – „Зелена иднина“**
  - Селекција на отпад со нови контејнери низ градот
  - Поставување контејнери за пластика, стакло и хартија – за чиста и современа општина
  - 2 станици за прочистување на отпадни води во Пробиштип
  - Редовни акции за чистење диви депонии
  - Општината секој месец ќе организира акции со училишта, здруженија и граѓани за почисти маала и природа.
  - Засадување на повеќе од 13.000 нови садници дрва
  - Во текот на мандатот ќе засадиме дрвја по паркови, улици

и населби, најмалку онолку колку што има жители во општината по последниот попис – за почист воздух и повеќе сенка.

- Нови зелени површини со урбана опрема
- Детски игралишта, клупи и фонтанки – простори за дружење и рекреација.
- Соларни панели на училиштата и градинките
- За да штедиме енергија и да користиме чиста и обновлива енергија, ќе го зголемиме капацитетот на постојните соларни панели
- Субвенции за инвертер-клима уреди, печки на пелети и топлински пумпи
- Поддршка за домаќинствата да се греат поекономично и да се намали загадувањето
- Субвенции за велосипеди
- За младите и сите што сакаат здрав и еколошки транспорт
- Чистење и уредување на речните корита
- Фонтани и јавни чешми со пивка вода - чиста вода за сите граѓани на најфреквентните места.
- Санација на јаловишната депонија

- **„Зелена општина – чист воздух, чиста вода, чиста иднина“**
- **Општински пакет – „Парите назад кон граѓаните“**

- Субвенции за:
  - Инвертер клима-уреди
  - Соларни системи за топла вода
  - Семејни фотоволтаични системи за електрична енергија
  - Велосипеди
  - Енергетски ефикасна столарија
  - Печки на пелети и топлотни пумпи
- Новороденче:
  - Прво дете - 10.000
  - Второ дете - 20.000
  - Трето дете - 3 месеци по 30.000
  - Четврто дете - 12 месеци по 30.000

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Реконструкција на градскиот плоштад „Св. Гаврил Лесновски“ со изградба на подземен паркинг-простор за 80 возила

Проектот вклучува комплетна реконструкција на градскиот плоштад „Св. Гаврил Лесновски“ во Пробиштип, изграден пред повеќе од две и пол децении. Градскиот плоштад го претставува срцето на градот и е централна сцена за сите социјални, културни и општествени активности.  Во рамките на реконструкцијата се предвидува и изградба на современ подземен паркинг-простор под плоштадот, со што се зголемува капацитетот на паркинг-места во централното градско подрачје. На овој начин ќе се намали метежот и сообраќајниот притисок во срцето на градот.

**Влијание на проектот:**

- Изградба на модерен и привлечен јавен простор – урбан и естетски уреден плоштад.
- Подобрување на квалитетот на животот на граѓаните – простор за одмор, дружење и културни активности достапен за сите генерации.
- Простор за културни и јавни настани – плоштад што ќе биде современа сцена за концерти, манифестации и собири.
- Поттик за економски развој – современ плоштад што ќе привлече повеќе посетители, туристи и нови деловни активности.
- Зголемување на паркинг-места во централното градско подрачје, делот од градот каде што има најголема фреквенција на граѓани и возила.
- Намалување на сообраќајниот метеж - подобар проток на возила во центарот и поголема безбедност за пешаците.
- Полесен пристап до сите јавни и приватни субјекти (институции, банки, маркети).

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2026 година

**Буџет** 100 милиони денари

## Техничка вода за сите индустриски капацитети и алтернативни системи за водоснабдување во руралните средини

Имајќи предвид дека климатските промени имаат сериозно влијание врз глобалните водни ресурси, водата за пиење ќе биде еден од најголемите предизвици на иднината и глобален проблем што директно ќе ја одредува одржливоста на заедницата. Во такви услови, рационалното управување со водните ресурси ќе биде клучен приоритет на општината.

Основна цел на проектот е обезбедување техничка вода за сите индустриски капацитети, со што од економски аспект, индустријата ќе оствари значителни заштеди, а истовремено ќе се зачува највредниот ресурс – водата за пиење, која ќе остане достапна исклучиво за граѓаните. Истовремено проектот вклучува и алтернативно водоснабдување во сите рурални средини и изградба на алтернативен систем за наводнување на зелените површини (игралишта, паркови) во рамките на општината.

**Влијание на проектот:**

- Економски придобивки за индустриските капацитети – намалување на трошоците преку користење техничка наместо вода за пиење, при што се создава одржлив модел на управување со ресурси, кој е поевтин и ефикасен.
- Заштеда на вода за пиење, како стратегиски ресурс за идните генерации
- Намалување на притисокот врз јавниот систем за водоснабдување
- Намалување на трошоците за одржување на филтер-станицата
- Нормализирање на водоснабдувањето на домаќинствата во летниот период
- Алтернативно водоснабдување во прва година во сите рурални средини
- Создавање услови за раст и развој на руралните средини - заживување на руралните средини, опстојување и зголемување на сточарскиот фонд, зголемување на производство на земјоделски производи и сл.

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2026 година

**Буџет** 15 милиони денари

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Фасадна и покривна реконструкција на постојни колективните згради

Имајќи предвид дека повеќето постојни колективни станбени згради во Пробиштип се изградени пред повеќе децении, нивната состојба денес е значително дотраена и бара реконструкција и усогласување со современите енергетско-ефикасни стандарди.

Целта на овој проект е да се изврши целосна реконструкција на фасадите и покривните конструкции, со примена на современи материјали и технологии, со што ќе се обезбеди зголемена енергетска ефикасност, подобрени услови за живеење како и нов и модерен изглед на објектите.

**Влијание на проектот:**

- Економски придобивки за станарите – долгорочна заштеда на средства поради намалена потрошувачка на енергија и намалени трошоци за одржување
- Заштита на животната средина и намалување на загадувањето
- Подобрување на безбедноста на станарите
- Подобрување на условите за живеење на станарите
- Заштита и продолжување на животниот век на зградите
- Модерен и естетски изглед на станбените згради

**Целна група:**

Станарите (директно), сите граѓани (индиректно)

**Рок на реализација**

Континуирано сите 4 години мандат

**Буџет**

60 милиони денари



# ПРОЕКТИ

## Детска градинка во населба Пробиштип

Преадаптација и целосно опремување на простор во подрачното основно училиште „Ванчо Трајков“ во населба Пробиштип за две комбинирани паралелки со по 20 деца.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект им ја олеснуваме мобилноста на родителите и отвораме градинка за 40 деца поблиску до нивните домови.

**Целна група:**

Граѓаните од населба Пробиштип

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

6 милиони денари

## Реконструкција на планинарски дом на м.в. Црн Врв

Поранешната т.н. Ловечка куќичка во м.в. Црн Врв целосно ќе биде реновирана и ќе биде уреден просторот околу неа. Ќе биде опремена со нова столарија и нов мебел во рамките на проектот.

**Влијание на проектот:**

Ќе го зголеми интересот за овој дел од општината и ќе се направи едно катче за уживање и одмор на сите планинари, ловци и љубители на природата.

**Целна група:**

Сите граѓани (особено планинарите и љубителите на природата)

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 5,5 милиони денари

## Изградба на капела во Злетово

Новите современи времиња бараат нови услуги за граѓаните и за добри и за тешки моменти од нашето живеење. Жителите на Злетово имаат потреба од современа капела за чување и изложување на посмртните останки на починатите.

**Влијание на проектот:**

Капелата во Злетово е проект од огромно значење за жителите на Злетово. Ќе се овозможи простор во Злетово и нема да има потреба од транспорт пред погребите на релација од капелата во Пробиштип до гробиштата во Злетово.

**Целна група:**

Сите жители на Злетово

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 3 милиони денари

## Реконструкција на улици во Средна населба

Во Пробиштип во изминатите два мандата реконструиравме многу улици. Во новиот мандат прв приоритет ќе бидат улиците од Средна населба. Ќе се реконструираат улиците:

- „Нада Михајлова“
- „28 Август“
- „Партизанска“ и
- „Браќа Миладиновци“

**Влијание на проектот:**

Проектот безбедносно и визуелно ќе ја подобри инфраструктурата во овој дел од нашиот град.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Пробиштип

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 25 милиони денари

## Паркинг за тешки товарни возила

Општина Пробиштип има потреба од паркинг за тешки товарни возила. Поради тоа, на самиот влез на градот од страна на регионалниот пат Штип – Пробиштип ќе изградиме паркинг-простор за тешки товарни возила, ограден и осветлен.

**Влијание на проектот:**

Ќе влијае врз безбедноста на сообраќајот и ќе има позитивен импакт и кај граѓаните и кај неговите корисници.

**Целна група:**

Сопствениците на тешки товарни возила директно и сите граѓани индиректно.

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

3 милиони денари

## Кружни текови на улицата „Миро Барага“

Општина Пробиштип за подобрување на безбедноста во сообраќајот ќе изгради три кружни тека на улицата „Миро Барага“, и тоа:

- Пред зградата на Агенцијата за вработување и ПИОМ
- Пред АМД Пробиштип
- Триаголник на влезот во Пробиштип

**Влијание на проектот:**

Ќе влијае врз зголемувањето на безбедноста во сообраќајот.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2028

**Буџет**

6 милиони денари

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на пат Леговец - Ратавица

Со проектот се предвидува реконструкција на пат во должина од 3,4 километри и ширина 5,5 метри. Патниот правец Леговец - Ратавица е еден од најкористените патишта во нашата Општина и ќе биде приоритетен проект за реализација во наредниот период поради неговото значење за локалните жители.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на поврзувањето на Пробиштип и Злетово и зголемување на безбедноста во сообраќајот.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација** 2029

**Буџет** 33 милиони денари

## Реконструкција на патот до село Марчино

Ќе се реконструира патот во должина од 2,4 километри и ширина 4,5 метри

**Влијание на проектот:**

Подобрување на поврзувањето на Пробиштип и село Марчино и зголемување на безбедноста во сообраќајот

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2028

**Буџет**

20 милиони денари

## Реконструкција на плоштад во Злетово

Злетово е населено место на кое ќе дадеме посебен приоритет во наредните години. Реконструкцијата на плоштадот со дополнителна урбана упрема и место за одмор ќе биде завршено во првата година од новиот мандатот.

**Влијание на проектот:**

Овој проект ќе има силно влијание за граѓаните на Злетово. Плоштадот кој ќе биде реконструиран со што ќе се даде нов урбан лик на ова населено место.

**Целна група:**

Граѓаните од Злетово

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 9 милиони денари

## Парк и дополнителни содржини кај детското катче во Злетово

Предвидено е изградба на парк со патеки и места за одмор и релаксација околу детското катче во Злетово. Летниковци и клупи за одмор, фитнес зона на отворено и нови збогатени содржина во просторот наменет за детско катче.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе придонесе за нов урбан лик на населеното место Злетово и ќе овозможи нови содржини и подобрување на условите за живот на овие наши сограѓани.

**Целна група:**

Граѓаните од Злетово

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

8 милиони денари

## Паркинг простор во Лесново

Лесново е најпосетувана туристичка дестинација во општина Пробиштип. Од ден на ден Лесново има се поголем број на посетители, а особено за викендите и празниците. Затоа Лесново има потреба од изградба на нов простор за паркирање на возила.

**Влијание на проектот:**

Со проектот ќе се овозможи поголем капацитет за паркирање на возила во Лесново, со што ќе се намали гужвата од возила и ќе се овозможи сигурно и безбедно движење на посетителите.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

7 милиони денари

## Уредување на Урбан Блок 7.5

Урбан Блок 7.5 е делот во кој се изгради социјалната зграда во Пробиштип и неколку деловни и станбени објекти. Дополнително се гради доловно-станбен комплекс. Потребна е целосна урбанизација на овој нов дел од градот. Затоа со проектот предвидено е:

- Изградба и асфалтирање на улици
- Атмосферска канализација
- Изградба на потпорни ѕидови
- Изградба на улично осветлување

**Влијание на проектот:**

Со проектот се урбанизира цел УБ 7.5 и се поврзува со постоечката инфраструктура на градот. Комунално и инфраструктурно се решава целиот Урбан блок 7.5.

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 30 милиони денари

# ПРОЕКТИ

## Уредување на Градски стадион „Рудар“

- Реконструкција на трибини и поставување на нови пластични столчиња
- Терен со вештачка трева
- Детска зона
- Паркинг простор и
- Осветлување на Градскиот стадион со рефлектори

**Влијание на проектот:**

Со овој проект ќе створиме модерни услови за младите, место за натпревари, тренизи, рекреација, но и за дружење и нови спомени

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 28 милиони денари

## Реконструкција на улица „Ленинов плоштад“

- Замена на дотраена базалтна коцка

**Влијание на проектот:**

Со овој проект ќе се реконструира улицата „Ленинов плоштад" и ќе направиме подобри услови за граѓаните и поголема безбедност во сообраќајот. Бидејќи улицата се наоѓа во централното градско подрачје е од големо значење за граѓанитена Пробиштип.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

6 милиони денари

## Детско катче, рекреативна зона и простор за одмор и рекреација на м.в. Шилек

Урбанизирање на просторот кај м.в. Шилек во Пробиштип со детско катче со реквизити, рекреативна зона и летниковци за одмор на локалните жители и сите оние што ќе гравитираат во тој дел од градот.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на условите за живот за луѓето коишто живеат во тој дел од градот.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

5 милиони денари

## Бесплатен линиски превоз за викенд (сабота и недела) Пробиштип – Злетово – Лесново

Бесплатен превоз на сите заинтересирани што сакаат да отидат до Лесново во сабота и недела. Поаѓање од Пробиштип, преку Ратавица, Злетово, Древено до Лесново во утринските часови.

Враќање назад по обратен редослед во попладневните часови.

**Влијание на проектот:**

Ќе се олесни начинот на движење кон нашето најпосетено место Лесново и преку организиран превоз ќе се намали фреквенцијата на приватни возила и ќе се овозможи повеќе паркинг-простор во Лесново за посетителите.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација** 2026

## Нов противпожарен дом

Ќе се реновираат и ќе се реконструираат постојните магацини на Дирекцијата за заштита и спасување, кои се наоѓаат во кругот на рудникот „Булмак" во Пробиштип и ќе се направат нови гаражи за ПП-возилата, а ќе се уреди и работниот простор за пожарникарите.

**Влијание на проектот:**

Подобрување на условите за функционирање на ПП-службата во Пробиштип.

**Целна група:**

Пожарникари (директно) и сите граѓани (индиректно)

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

8 милиони денари

## Нова простории на ЈКП и соодветни услови за техничкиот персонал

Ќе се изградат нови пристојни простории за вработените и за возилата на ЈКП „Никола Карев" во Пробиштип. Старата барака и придружните објекти ќе бидат срушени и на тоа место ќе се изградат нови простории за сите вработени во ЈКП „Никола Карев".

**Влијание на проектот:**

Подобрување на условите за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип

**Целна група:**

Вработените во ЈКП

**Рок на реализација**

2028

**Буџет**

6 милиони денари

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на улицата „Брегалничка“ и дел од улицата “3-ти Април“

Реконструкцијата на улицата „Брегалничка“ е блиско до градскиот стадион „Рудар“ и е дел од нашата визија за целосна реконструкција и урбанизација на тој простор.

Реконструкцијата на улица „3-ти Април“ е предвидена во делот кој не беше опфатен со реконструкцијата во претходниот мандат.

**Влијание на проектот:**

Овој дел е паралелен со улицата „Плавица“ која е целосно реконструирана и изградени се тротоари и улицата „Доне Божинов“ која е во тек на реконструкција. Оваа населба со ово добива целосно нов лик.

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 15,5 милиони денари

## Реконструкција на локален пат до селото Кундино

Реконструкција на локалниот пат до село Кундино од м.в. Кундинска барака на регионалниот пат Пробиштип – Кратово до селото Кундино.

**Влијание на проектот:**

Овој локален пат е во лош а состојба и неопходна е негова рехабилитација која ќе влијае на побрзо и побезбедно движење на луѓето и возилата.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

10 милиони денари

## Реконструкција на локален пат од селото Долни Стубол до селото Горни Стубол

Ќе се реконструира локалниот пат помеѓу овие две села, кој е во лоша состојба и неопходна еногова санација.

**Влијание на проектот:**

Реализацијата на овој проект ќе придонесе за побрза и побезбедна сообраќајна комуникација помеѓу овие две села.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

13 милиони денари

## Патека и мост за поврзување на двете маала во населбата Пробиштип

Опис на проектот:

Ќе се изградат патеки во двете маала во населба Пробиштип поврзани со мост преку Киселичка река.

**Влијание на проектот:**

Реализацијата на овој проект кој е барање на жителите од оваа населба ќе придонесе за безбедно движење на децата и возрасните во овој дел од општината.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

4 милиони денари

## Изградба на нови паркинг простори кои се предвидени во деталните урбанистички планови

Ќе се изградат паркинг простори согласно важечките детални планови  и тоа:

- Помеѓу улиците „11 Октомври" и „Никола Карев" (позади Стокомак)
- На градскиод пазар (во делот позади Кит Ги маркет)
- Кај спортската сала на ООУ „Браќа Миладиновци"

**Влијание на проектот:**

Реализацијата на овој проект значително ќе ја подобри состојбата со паркинг местата во централното градско подрачје.

**Целна група:** Сите граѓани

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 5 милиони денари

## Изградба на улица во Калниште од селската чешма до спој со локалниот пат Леговец - Ратавица

Изградба и асфалтирање на улица „3-та" во населба Калниште која започнува од селската чешма и се спојува со локалниот пат Леговец - Раравица

**Влијание на проектот:**

Реализацијата на овој проект е по барање на граѓаните од овој дел на нашта општина. Со него значително се скратува излезот на овие жители на локалниот пат а воедно се гради и асфалтира целосно нова улица која и сега се користи од локалните жители.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

4 милиони денари

# ПРОЕКТИ

## Стационар за бездомни кучиња

Општината на парцела на поранешната Кланица ќе го адаптира и целосно ќе го опреми просторот за стационар за бездомни кучиња.

**Влијание на проектот:**

Со овој проект општината ќе го реши проблемот со бездомните кучиња во целост.

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

## Продолжување на проектот за изградба на Дом за стари лица во Пробиштип

Домот за стари лица во Пробиштип  кој беше проектиран и започна со изградба во неискористените простории на Здравствен дом „Нада Михајлова" наиде на непредвидени пречки и недостиг на средства за негово забршување.

Во наредниот период силно ќе се заложиме за обезбедување на средствата преку Министерството за социјална политика, демографија и млади кои иако две години наназад се во Програмата на Министерството сеуште не е распишана јавна набавка за завршување на овој проект.

**Влијание на проектот:**

Проектот е од огромно значлење за највозрасната категорија на граѓани во општината

**Целна група:**

Сите граѓани

**Рок на реализација**

2026

**Буџет**

36 милиони денари

## Реконструкција на стадионот во Злетово

Со оваа реконструкција ќе биде опфатено:

- Целосна реконструкција на постоечките објекти на стадионот
- Поставување на подлога од вештачка трева на стадионот и придружни елементи
- Осветлување на стадионот

**Влијание на проектот:**

Имајќи ја во предвид потребата од ваков простор на нашите сограѓани од Злетово со овој проект ќе овозможиме подобри услови за спорт и рекреација на овој простор. Целосно ќе биде променет ликот на овој дел од Злетово и ќе се овозможи користење на истиот и во вечерните часови со поставување на осветлување на истиот.

**Целна група:**

Сите граѓани од Злетово

**Рок на реализација**

2028

**Буџет**

15 милиони денари

## Адреналински детски парк во Лесново

Проектот предвидува адреналински детски парк во Лесново, најголем во овој делод државата.

**Влијание на проектот:**

Адреналинскиот парк во Лесново ќе претставува атракција за сите дечиња и ќе придонесе за збогатување на туристичката понуда во Лесново.

**Целна група:**

Сите граѓани од Злетово

**Рок на реализација**

2027

**Буџет**

10 милиони денари

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СДСМ**
*И КОАЛИЦИЈАТА*